# СЛУЖБ…

## НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Текушта сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220, за огласи 1032-Т-221.

Среда, 11 август

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. X

… — претплата за 1954 година изнесува 1000.— дин., а за странство 1500.— динари. — Редакција: Улица Кралевиќа Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продавно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.


**448.**

Врз основа на чл. 79 точ. 1 и чл. 81 ст. 1 од Уставниот закон, а за да се изврши Законот за опојните droги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/50), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО И ЗА КУПУВАЊЕТО НА СУРОВ ОПИУМ ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

Член 1

Суров опиум може да се произведува само на подрачјата што ќе ги определи сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство.

Член 2

Производителите на суров опиум можат да произведуваат суров опиум само ако со овластеното трговско претпријатие претходно склучат договор за производство и продажба на суров опиум.

Договорот од горниот став може да го склучи со производителот само трговско претпријатие што ќе добие за тоа одделно одобрение од сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство.

Други трговски претпријатија можат да купуваат суров опиум непосредно од производителите само како комисионери на трговското претпријатие од претходниот став.

Член 3

Со договорот за производството и продажбата на суров опиум се утврдуваат правата и обврските на производителите на суров опиум и овластеното трговско претпријатие.

Со договорот мораат да се предвидат:

1) површините на земјиштето на кое производителот ќе сее афион за производство на опиум;

2) цената по која овластеното трговско претпријатие ќе му го плаќа суровиот опиум на производителот;

3) срокот за испорака на суровиот опиум од страна на производителот.

Член 4

Купениот суров опиум му го плаќаат трговските претпријатија на производителот по морфинска единица.

Член 5

Бројот на морфинските единици во суровиот опиум го проценува одделна комисија.

Комисијата се состои од по еден претставник на трговското претпријатие што го купува суровиот опиум, од производителите и од народниот одбор на околијата (градот) на чие подрачје се купува суровиот опиум.

Член 6

Ако производителот на суров опиум не е согласен со извршената проценка на бројот на морфинските единици од страна на комисијата од претходниот член има право да бара со хемиска анализа да се утврди бројот на морфинските единици.

Претставникот на народниот одбор на околијата (градот) во согласност со советот за стопанство на народниот одбор на околијата (градот) може да бара со хемиска анализа да се утврди бројот на морфинските единици.

Член 7

Анализата за утврдување бројот на морфинските единици се врши по методата на Фармакопејата на ФНРЈ, пропишана со Наредбата од Советот за народно здравје и социјална политика на Владата на ФНРЈ бр. 24126 од 24 октомври 1951 година.

Член 8

Ако со хемиската анализа се утврди дека проценката на морфинските единици била на штета на производителот трошоците на анализата паѓаат на товар на овластеното трговско претпријатие. Во спротивно, трошоците на хемиската анализа паѓаат на товар на производителот на суровиот опиум, односно на народниот одбор на околијата (градот), ако хемиската анализа е вршена по негово барање.

Член 9

Ако овластеното трговско претпријатие реализира позитивна разлика во бројот на морфинските единици (разлика меѓу фактично платениот број на морфинските единици на производителот и фактично постигнатиот број на морфинските единици), должно е позитивната разлика да ја пресмета по цената по која му ја плаќало морфинската единица на производителот и така пресметаниот износ да го уплати во фондот за унапредување на производството на опиум на одделна сметка при Народната банка на ФНРЈ.

Со средствата на овој фонд располага републичкиот извршен совет.

Член 10

Ако овластеното трговско претпријатие реализира негативна разлика во бројот на морфинските единици, износот пресметан на оваа негативна разлика паѓа на товар на вкупниот приход на претпријатието.

Член 11

Пресметувањето на разликите во бројот на морфинските единици на суровиот опиум во смисла на чл. 9 и 10 од оваа уредба, овластеното трговско претпријатие мора да го изврши најдоцна до 1 јуни секоја година.

Член 12

Одредбите од оваа уредба не се однесуваат до производителите што сеат афион исклучиво заради производство на семе.

Член 13

Одредбите од чл. 9 на оваа уредба важат и за средствата реализирани од купувањето на опиум од производителите во економската 1953/54 година.

Член 14

Поблиски прописи за спроведување на оваа уредба, по потреба, донесуваат републичките извршни совети.

Член 15

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 349
31 јули 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**449.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со чл. 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53, 13/54 и 25/54) се вршат следни измени и дополненија:

Во делот А од Тарифата:

Тар. бр. 35 се менува и гласи:

1) На делкана граѓа од ела и смрека се плаќа данок според реализираната продажна цена, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| до 15.000 | динари | 0 |
| 15.001—15.100 | „ | 0,5 |
| 15.101—15.200 | „ | 1,0 |
| 15.201—15.300 | „ | 1,5 |
| 15.301—15.400 | „ | 2,0 |
| 15.401—15.500 | „ | 2,5 |
| 15.501—15.600 | „ | 3,0 |
| 15.601—15.700 | „ | 3,5 |
| 15.701—15.800 | „ | 4,0 |
| 15.801—15.900 | „ | 4,5 |
| 15.901—16.000 | „ | 5,0 |
| 16.001—16.100 | „ | 5,5 |
| 16.101—16.200 | „ | 6,0 |
| 16.201—16.300 | „ | 6,5 |
| 16.301—16.400 | „ | 7,0 |
| 16.401—16.500 | „ | 7,5 |
| 16.501—16.600 | „ | 8,0 |
| 16.601—16.700 | „ | 8,4 |
| 16.701—16.800 | „ | 8,8 |
| 16.801—16.900 | „ | 9,3 |
| 16.901—17.000 | „ | 9,7 |
| 17.001—17.100 | „ | 10,2 |
| 17.101—17.200 | „ | 10,6 |
| 17.201—17.300 | „ | 11,0 |
| 17.301—17.400 | „ | 11,5 |
| 17.401—17.500 | „ | 11,9 |
| 17.501—17.600 | „ | 12,4 |
| 17.601—17.700 | „ | 12,8 |
| 17.701—17.800 | „ | 13,3 |
| 17.801—17.900 | „ | 13,7 |
| 17.901—18.000 | „ | 14,1 |
| 18.001—18.100 | „ | 14,5 |
| 18.101—18.200 | „ | 14,9 |
| 18201—18.300 | „ | 15,3 |
| 18.301—18.400 | „ | 15,7 |
| 18.401—18.500 | „ | 16,1 |
| 18.501—18.600 | „ | 16,5 |
| 18.601—18.700 | „ | 16,9 |
| 18.701—18.800 | „ | 17,3 |
| 18.801—18.900 | „ | 17,7 |
| 18.901—19.000 | „ | 18,1 |
| 19.001—19.100 | „ | 18,5 |
| 19.101—19.200 | „ | 18,9 |
| 19.201—19.300 | „ | 19,3 |
| 19.301—19.400 | „ | 19,6 |
| 19.401—19.500 | „ | 20,0 |
| 19.501—19.600 | „ | 20,4 |
| 19.601—19.700 | „ | 20,8 |
| 19.701—19.800 | „ | 21,2 |
| 19.801—19.900 | „ | 21,6 |
| 19.901—20.000 | „ | 22,0 |
| 20.001—20.500 | „ | 23,8 |
| 20.501—21.000 | „ | 25,6 |
| 21.001—21.500 | „ | 27,4 |
| 21.501—22.000 | динари | 29,1 |
| 22.001—22.500 | „ | 30,7 |
| 22.501—23.000 | „ | 32,1 |
| 23.001—23.500 | „ | 33,6 |
| 23.501—24.000 | „ | 35,0 |
| 24.001—24.500 | „ | 36,3 |
| 24.501—25.000 | „ | 37,6 |
| 25.001—26.000 | „ | 40,0 |
| 26.001—27.000 | „ | 42,2 |
| 27.001—28.000 | „ | 44,3 |
| 28.001—29.000 | „ | 46,2 |
| 29.001—30.000 | „ | 48,0 |

За секои натамошни започнати или полни 1.000 динари на реализираната продажна цена нормата на данокот се наголемува за 20%.

На резонантна граѓа од ела и смрека, како и на сите сортименти на другите четинари (бел и црн бор, ариш и муника) нормата на данокот изнесува 14%

Забелешка: Како даночна основа за пресметување на данокот на промет на граѓата од точ. 1) од овој тар. број служи средниот износ на постигнатата продажна цена по еден кубен метар делкана граѓа.

Пресметувањето и уплатата на аконтацијата на данокот на промет под точ. 1 од овој тар. број во текот на годината се врши кумулативно сметајќи од 1 јануари до крајот на секој месец, и тоа најдоцна до петтиот ден на следниот месец. По исклучок од 1 август до крајот на 1954 година пресметувањето и уплатата на аконтацијата на данокот ќе се врши до крајот на секој месец одделно."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува на продажбите извршени од 1 август 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 348
31 јули 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

**450.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со чл. 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53, 13/54 и 25/54) се врши следна измена:

Во делот Б од Тарифата:

Тар. број 6 се менува и гласи:

„На надоместувањето за огласи преку радио или светлосни проекции во кината се плаќа данок 4%."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 август 1954 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 350
31 јули 1954 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

451.

Врз основа на чл. 79 точ. 1 и чл. 81 од Уставниот закон, а во врска со чл. 1 од Законот за ковање ситни пари на Федеративна Народна Република Југославија и чл. 10 и 17 од Уредбата за банките и штедилниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/54), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗДАВАЊЕ НОВИ СИТНИ КОВАНИ ПАРИ

1. Се овластува Народната банка на ФНРЈ да издаде нови ситни ковани пари од алуминиум, кои ќе имаат следни тежини и димензии, и тоа:
парче од 5 динари —1,67 гр, а во пречник 24,6 мм,
парче од 2 динари —1,24 гр, а во пречник 22,2 мм,
парче од 1 динар —0,90 гр, а во пречник 19,8 мм,
парче од 0,50 динари —0,62 гр, а во пречник 17,4 мм.

2. Легурата на новите метални пари се состои од алуминиум со минимум чистота од 99%, а остатокот од 1% го сочинуваат примеси од други метали.

Позволено е отстапување во поглед на тежината кај сите парчиња за 5% над или под означената тежина.

3. Формата на новите метални пари е следна:

а) од лице: в среде е државниот грб, а околу грбот назив на државата „Федеративна Народна Република Југославија";

б) од опачина: в среде е ознака на вредноста, во венецот над ознаката на вредноста 7 петокраки ѕвездички, а насреде од левата и десната страна годината на изданието (19—53);

в) на работ од лицето и опачината — низа точкици.

Текстот на овие пари е напишан:

на лицето со ќирилица а на опачината со латиница — кај парчињата од 5 и 1 динар, односно

на лицето со латиница а на опачината со ќирилица — кај парчињата од 2 и 0,50 динари.

Народната банка на ФНРЈ ќе определи според потребите на оптекот, до кои износи ќе се исковат новите метални пари (вкупно и по парчиња).

5. Трошоците на изработката на новите метални пари паѓаат на товар на Народната банка на ФНРЈ, со тоа што вредноста на металот во парите што важат од цинк, и тоа на оние што ќе се најдат на запас кај Народната банка на ФНРЈ, и на оние што ќе бидат подоцна повлечени од оптек, да ги употреби за намалување на овие трошоци.

6. Откога ќе се исковат потребните количини, Управниот одбор на Народната банка на ФНРЈ ќе донесе решение за пуштање во оптек нови метални пари од алуминиум, а дополнително и решение за повлекување од оптек на металните пари од цинк што важат.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 453
7 август 1954 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува Секретарот, Потпретседател,
**Мома Марковиќ**, с. р. **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

452.

Врз основа на ст. 5 одделот 4 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1954 година Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ ПО КОЈ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД ОПРЕДЕЛЕНИ СТОПАНСКИ ГРАНКИ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ СВОИТЕ АМОРТИЗАЦИОНИ ФОНДОВИ

1. Рудниците на јаглен, рудниците на метали и рудниците на неметали, претпријатијата за производство на нафта, претпријатијата на графичката индустрија и претпријатијата за производство на шеќер можат средствата уплатени во своите амортизациони фондови за замена на опремата и за замена на градежните објекти да ги користат во полн износ.

2. Претпријатијата за производство на масло можат средствата уплатени во своите амортизациони фондови за замена на опремата да ги користат во полн износ, додека уплатените средства на амортизацијата за замена на градежните објекти можат да ги користат само на начинот предвиден во главата XVI од Сојузниот општествен план за 1954 година.

3. Претпријатијата од точ. 1 и 2 на оваа одлука можат во текот на 1954 година слободно да ги користат било за инвестиционо одржување било за замена вкупните средства на амортизационите фондови што им стојат на располагање според одредбите од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1954 година и според одредбите од оваа одлука, без обѕир на предопределеноста за која овие средства се уплатени во амортизационите фондови со тоа што се должни, ако до 31 декември 1954 година состојбата на средствата на амортизациониот фонд за замена не им одговара на одредбите на чл. 46 од Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53), да го уплатат мањокот од средствата со кои располагаат самостојно.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 451
7 август 1954 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува Секретарот, Потпретседател,
**Мома Марковиќ**, с. р. **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

453.

Врз основа на чл. 79 точ. 1 и чл. 81 од Уставниот закон Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТУВАЊЕТО НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ-ПОВРАТНИЦИ КОИ ПРИ ПРОДАЖБАТА НА СТРАНСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НЕ ПРИМИЛЕ БОНОВИ ЗА КУПУВАЊЕ СТОКИ ПО ПОНИСКИТЕ ЕДИНСТВЕНИ ЦЕНИ

1. На иселениците-повратници што се вратиле во ФНР Југославија во времето од ослободувањето на земјава до 21 јули 1948 година, а кои при продажбата на внесените странски средства за плаќање со динарската противвредност по званичниот курс не добиле и бонови за купување стоки по пониските единствени цени што требало да ги добијат врз основа на Уредбата за издавање бонови за купување стоки по пониските единствени цени за откуп слободни девизи и валути. („Службен лист на ФНРЈ", бр. 62/48) или врз основа на актот од Министерот на финансиите на ФНРЈ бр. 48157/48 од 5 јануари 1949 година добиле помалу бонови отколку што по цитираната уредба би требало да добијат, ќе им се исплати надоместување во готово за боновите што не ги примиле.

Надоместувањето од претходниот став ќе им се исплати и на оние иселеници-повратници што се вратиле во земјава до 31 декември 1951 година а кои ги внесле оние странски средства за плаќање за кои не се давале бонови за купување стоки по пониските единствени цени за откуп слободни девизи и валути.

2. Надоместувањето од точ. 1 на оваа одлука ќе се пресметува по коефициентот 1,857 за секој динар што го добиле иселениците-повратници при продажбата на внесените странски средства за плаќање.

3. Надоместување по оваа одлука ќе добијат и оние иселеници-повратници што внесле во земја-

ва автомобили, машини и сл. и им ги продале до 31 декември 1951 година на стопански или општествени организации односно на државни установи и надлештва по увозните цени по курсот што важел во моментот на продажбата. Како основ за пресметување на ова надоместување ќе служат износите добиени со продажбата на цитираните производи.

За увозот од претходниот став потребно е иселениците повратници да и' поднесат на Народната банка на ФНРЈ докази и тоа документот за продажбата а по можност и фактурата за купувањето во странство односно документот за платениот превоз.

4. На оние иселеници-повратници кои странските средства за плаќање внесени во земјава до 21 јули 1948 година ги вложиле на штедење, и истите им се пресметани во динари ќе им се исплати надоместување за боновите пресметано по коефициентот 1,857 за секој динар што го положиле на штедниот влог, но само во случај ако износите добиени со валоризацијата на нивните штедни влогови, извршена врз основа на Решението за утврдување паритетот на динарот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 58/51) не се поголеми од така пресметаното надоместување. Во случај износите добиени со валоризацијата на штедните влогови да се поголеми од надоместувањето, ќе им се исплати само разликата меѓу надоместувањето и износот добиен со валоризацијата.

5. Исплатата на надоместувањата по оваа одлука ќе ја изврши Народната банка на ФНРЈ на товар на сметката бр. 333540 „Регрес за боновите исплатени на иселениците-повратници", со тоа што на иселениците-повратници износите на применото надоместување ќе се положат на нивниот штеден влог. Од тој влог можат иселениците-повратници во 1954 година да подигнат до 50.000 динари, а остатокот можат да го подигнат по 1 јануари 1955 година.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 452
7 август 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Мома Марковиќ**, с. р.
Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 454.

Врз основа на одделот 1 од главата XLI на Сојузниот општествен план за 1954 година, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТУВАЊЕ (РЕГРЕС) НА ВЕСНИКАРСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ КУПУВАЊЕТО НА РОТО ХАРТИЈА

1. За издавање дневни весници на весникарските претпријатија ќе им се дава надоместување (регрес) за разликите во цената во висина од 12 динари по еден килограм за сите количини рото хартија по заклучоците што ќе и' бидат пријавени на Народната банка на ФНРЈ по 1 август 1954 година.

За сите количини рото хартија што и' се пријавени на Народната банка на ФНРЈ до 31 јули 1954 година, без обзир дали заклучоците за тие количини се во целост извршени и фактурирани или се во тек на извршување и фактурирање, им се признава на весникарските претпријатија за издавање дневни весници регрес во разликата меѓу цената од 90 динари по 1 килограм и цената по која е стоката фактурирана.

2. Правото на регрес според одредбите од претходната точка го има и весникарското издавачко претпријатие „Службен лист на ФНРЈ", за издавање на „Службениот лист на ФНРЈ".

3. Надоместувањето по одредбите од оваа одлука ќе го исплатува Народната банка на ФНРЈ на товар на сметката бр. 338544 „Надоместување на дневните весници за купување рото хартија."

4. Надзор над спроведувањето на оваа одлука врши сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 454
7 август 1954 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Мома Марковиќ**, с. р.
Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

## 455.

Врз основа на чл. 8 од Законот за движењето на границата, во врска со чл. 13 од Законот за спроведување на Уставниот закон пропишувам

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОГРАНИЧНАТА ЗОНА

Во Правилникот за пограничната зона („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/50 и бр. 64/50) се вршат измени и дополненија, така што пречистениот текст да гласи:

# ПРАВИЛНИК
## за пограничната зона
### I. Општи одредби

Член 1

Одредбите од овој правилник се однесуваат до местата цитирани во Списокот на местата и населбите што влегуваат во пограничната зона, кој е составен дел од овој правилник (прилог бр. 1).

На местата што не се цитирани во тој список не се однесуваат одредбите од овој правилник, дури и кога се наоѓаат таквите места во граничниот појас широк 15 километри.

### II. Дозвола за доаѓање и престој во пограничната зона

Член 2

Граѓаните што имаат живеалиште вон пограничната зона можат да доаѓаат во пограничната зона и да престојуваат во неа само ако добијат за тоа Дозвола за заминување и престој во пограничната зона (во натамошниот текст: дозвола), која се издава врз основа на одредбите од овој правилник.

Член 3

Дозволата ја издава секретаријатот за внатрешни работи на околијата или градот на чие подрачје има живеалиште лицето на кое му се издава дозволата.

На државните службеници кои по службена работа заминуваат во погранична зона дозволата ја издава старешината надлежен за издавање налог за службено патување.

На странските државјани дозволата им ја издава секретаријатот за внатрешни работи на народниот одбор на околијата или градот надлежен за издавање патни исправи (пасоши) според местото на престојот на странскиот државјанин.

Член 4

Дозволата за доаѓање и престој во пограничната зона се издава по образецот бр. 2, кој е прилог кон овој правилник.

Дозволата важи само со лична карта (легитимација), а за странските државјани со патната исправа.

Член 5

Во дозволата се назначува местото во кое може да дојде и во кое може да престојува лицето на кое му е издадена дозволата.

Доаѓањето во означеното место и враќањето од него може да се врши само по најкуси обичаени приодни патишта.

Член 6

Дозволата се издава, по правило, со срок за важење од најмногу 30 дена. По исклучок, оваа дозвола може да биде издадена и со срок за важење до 6 месеци.

Срокот за важење на дозволата може да го продолжи најмногу уште за 30 дена началникот на секретаријатот за внатрешни работи на народниот одбор на околијата или градот на чие подрачје се наоѓа местото во пограничната зона за кое гласи дозволата.

Лицето што ќе дојде во пограничната зона може да престојува само во местото за кое гласи дозволата, и тоа само за време на нејзиното важење, а по истекот на важењето на дозволата мора да ја напушти пограничната зона.

Член 7

Дозволата се издава, по правило, за едно патување. По иклучок, а особено на лицата што по службена работа мораат почесто да заминуваат во пограничната зона, дозволата може да им се издаде и за повеќе или за неограничен број патувања во пограничната зона.

Член 8

Во околиите чии подрачја се наоѓаат делум во пограничната зона а делум вон неа, лицата што имаат живеалиште вон пограничната зона можат без дозвола да заминуваат во седиштето на народниот одбор на околијата или во град што се наоѓа на делот на околијата во пограничната зона, користејќи ги при тоа најкусите приодни патишта.

### III. Државен граничен појас

Член 9

Државниот граничен појас го чини земјишниот појас долж државната граница, 100 метра во длабочина на државната територија.

Освен овластените службени лица во овој појас можат да доаѓаат само државјаните на Федеративна Народна Република Југославија што се тука постојано настанети. Лицата кои во овој појас имаат своја земја можат да доаѓаат за да ја обработуваат по одобрение од надлежниот пограничен орган. Другите лица не можат да доаѓаат во овој појас, ниту во него да престојуваат.

### IV. Лична карта за жителите на пограничната зона

Член 10

Во пограничната зона можат да имаат живеалиште лицата на кои им е издадена лична карта за жителите на пограничната зона.

Член 11

Личната карта за жителите на пограничната зона ја издава секретаријатот за внатрешни работи на народниот одбор на околијата или градот на чие подрачје има живеалиште лицето на кое му се издава личната карта.

Член 12

Лицата на кои им е издадена лична карта за жителите на пограничната зона и нивните деца односно членови на фамилијата под 16 години возраст можат слободно да се движат во пограничната зона во границите на подрачјето на народниот одбор на околијата на кое се наоѓа местото на нивното живеење, како и на подрачјето на пограничната зона на соседните околии. Вон ова подрачје овие лица можат да се движат само со дозвола издадена по одредбите од овој правилник.

Член 13

Одредбите од Уредбата за личните карти (легитимации — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/48, 38/50 и 21/53) што се однесуваат до носењето на лична карта, до легитимисањето, до поднесување молби за издавање лични карти, до постапката за нивното издавање, до нивната замена и до прекршоците на одредбите на таа уредба, во сето ќе се применуваат и во поглед на личните карти за жителите на пограничната зона.

Секретаријатите за внатрешни работи на народните одбори на околиите и градовите се должни да водат одделна евиденција на личните карти за жителите на пограничната зона, а на начинот пропишан со уредбата за личните карти (легитимации).

### V. Казнени одредби

Член 14

Повредата на одредбите од овој правилник повлекува казна за прекршокот пропишана со соодветните одредби од чл. 9 од Законот за движењето на границата, што е изменет со чл. 2 точ. 6 од Законот за согласување посебните прописи за прекршоците во сојузните закони со одредбите од Основниот закон за прекршоците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/51), како и чл. 30 од Уредбата за согласување посебните прописи за прекршоците во уредбите и во другите прописи на Владата на ФНРЈ и нејзините органи со одредбите од Основниот закон за прекршоците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/51).

### VI. Завршни одредби

Член 15

Одредбите од овој правилник не се однесуваат до странските државјани кои врз основа на спогодба за пограничниот промет можат да доаѓаат во пограничната зона. На овие лица се применуваат одредбите од односните меѓународни спогодби.

Член 16

Одредбите од овој правилник нема да се применуваат на народните пратеници. Со легитимацијата за народен пратеник тие можат да доаѓаат и престојуваат во пограничната зона без одделна дозвола.

Одредбите од овој правилник нема да се применуваат на воените лица и на службениците на органите за внатрешни работи. Службениците на Народната милиција можат слободно да доаѓаат и престојуваат во пограничната зона, а другите службеници на органите за внатрешни работи и воените лица со службената легитимација издадена од надлежниот орган.

Дозволата не им е потребна на лицата запослени на железниците, бродовите и на другите средства на јавниот сообраќај што редовно сообраќаат со местата во пограничната зона, ниту на лицата кои на средствата од јавниот сообраќај поминуваат (транзитираат) низ пограничната зона.

Член 17

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

II/3 бр. 13801
21 април 1954 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

**Прилог бр. 1**
**со чл. 2 од Правилникот за пограничната зона**

## СПИСОК
## НА МЕСТАТА И НАСЕЛБИТЕ ШТО ВЛЕГУВААТ ВО ПОГРАНИЧНАТА ЗОНА

**Околија Сежана**

Општина Комен: Кларичи, Бреставица, Мохорини, Можци, Вале, Кланец, Горјанско, Брје, Надрожица, Шкофи, Кргегољишче, Тубље.

Општина Дутовље: Вел. и Дол. Плискавица.

Општина Сежана: Вогље, Дол, Врковље, Фернетичи, Орлек, Липица.

Општина Дивача: Скрибини, Преложе.

Општина Херпеље: Врховље, Крвави поток, Насирец, Михеле, Бека, Очизла.

Општина Чрни Кал: Кастелец.

**Околија Горица**

Општина Костањевица: Костањевица на Красу, Липа, Локвица, Опатије село, Нова вас, Села на Красу, Новело, Темница, Војшчица. Худи лог.

Општина Мирен: Мирен, Ореховље, Врточе.

Општина Ренче: Ренче, Ошевље.

Општина Шенпетер: Биље, Буковица, Вртојба, Волчја Драга, Шенпетер.

Општина Којско: Зг. и Сп. Церово, Којско, Хум, Подсаботин, Шмартно, Ведријан, Врховље, Козана.

Општина Доброво: Барбана, Биљана, Брдице, Доброво, Дрнов, Фојана, Козарно, Сеножече, Шт. Ловренц, Зали брег, Хрушевље, Небло, Бело, Брдице при Кожбани, Брезово, Кожбана, Ножно, Подпозник, Пристава, Слапник, Цегло, Медана, Плешиво, Брег, Голо брдо, Хлевник, Сеник, Врховље, Виполже, Вишњевик.

Општина Канал: Лиг, Запоток, Укања, Комбершко, Средње, Рог, Коси, Подтравно, Мочиле, Вогринки, Мелинки, Долина, Крас, Подравно, Авшко, Хушно, Подбрег, Сп. ин Зг. Неково, Подкланец, Ловишче, Коленда, Стрмец, Бритоф, Моркичи, Подрезка, Бељендол, Мишчек, Дебење, Зарштина, Зелиње, Мурска, Вртаче, Равне, Костањевица, Кумарји, Ковалари, Робарји, Гребен, Имење, Гољевица.

**Околија Толмин**

Општина Толмин: Подсело, Вољчански Рути, Камница, Фони.

Општина Кобарид: Ливек, Штурми, Перати, Голоби, Ауша, Плохи, Пики, Јевшчек, Свино, Сужид, Робич, Старо село, Гред, Потоки, Борјана.

Општина Брегињ: Брегињ, Подбела, Седло, Хомец, Становишче, Логје, Робедишче.

Општина Бовец: Можница, Стрмец, Предил.

**Околија Јесенице**

Општина Јесенице: Св. Криж.

Општина Крањска Гора: Средњи Врх.

**Околија Крањ**

Општина Тржич: Св. Ана, Медводје ин туристична точка Дом на Кофцах.

Општина Језерско: Туристична точка Чешка коча.

**Околија Шоштањ**

Општина Солчава: Св. Дух

**Околија Сл. Градец**

Општина Чрна: Копривна, Подпеца, Топла.

Општина Межица: Рехт, Лом.

Општина Превање: Холмец, Долго брдо, Шт. Данијел, Стројна, Луковица, Белшак, Јамница, Сухи врх.

Општина Дравоград: Либеличе, Либелишка гора, Горче, Вич, Горишки врх, Ојстрива, Јозји врх, Св. Дух, Св. Урбан.

Општина Мута: Пернице, Млаке, Бистрички јарек, Шт. Јернеј.

Општина Радље об Драви: Св. Трије Крањи.

**Околија Марибор—околица**

Општина Ожбалт об Драви: Вурмат, Зг. ин Сп. Капља, Градишче.

Општина Брезно—Подвелка: Ремшник з Брезним врхом.

Општина Средње: Св. Криж над Марибором.

Општина Кунгота: Песница, Св. Јуриј, Јурски врх, Грушковје, Шпичник, Плач, Слатина, Свечина, Циринга.

Општина Шентиљ: Чершак.

Општина Велка: Сладки врх, Шомат, Зг. Велика, Трате.

Општина Селница об Драви: Вел. Боч.

**Околија Љутомер**

Општина Апаче: Коњишче, Подгорје, Стоговци, Живерци, Жеповци, Чрнци, Апаче, Сеговци, Лутверци.

Општина Радгона: Подград, Меле.

Општина Раденци: Штратовци.

**Околија Мурска Собота** (сета околија во пограничната зона).

**Околија Чаковец**

Општина Подтурен: Феркетинец, Инкејовица, Матековец, Миклавец, Подтурен, Сивичке Целине.

Општина Вратишинец: Краљевичке Целине, Крижовец, Пекленица.

**Околија Прелог**

Општине: Доња Дубрава, Доњи Видовец, Горичан, Которибa.

Општина Домашинец: Декановец, Домашинец, Дворишће, Квитровец, Новаковец, Турчишће.

Општина Ходошан: Доњи Храшчан, Гулешчак, Ходошан.

**Околија Ђурђевац**

Општина Фердинандовац: Баковци, Бродић, Ђурђевачки Павланци, Ђурђевачко Трепче, Фердинандовац, Фердинандовачка Блата, Хусиња, Краљева Пета, Крањица, Лијепа Греда, Лукин Мекиш, Микеков Кут, Фердинандовачко Храстје, Фердинандовачки Лаз, Гајце, Глог, Нетиг, Стари Брод, Шкофиње, Толница.

Општина Молве: Репаш.

Општина Ново Вирје: Дреновица, Караш, Карашка Лука, Кикнгово, Огорело Поље, Сењанска Лука, Вировске Ширине, Вировски Црнец, Вировски Павланци, Вировско Букевје, Вировско Трепче.

Општина Питомача: Брестич, Ђуретина, Јелкуш, Крижница, Шашнато Поље.

Општина Подравске Сесвете: Дрвенкар, Дубовник, Подравске Сесвете, Подравски Мекиш, Рушкова Греда, Згруте.

**Околија Вировитица**

Општина Градина: Детковац, Карађорђево, Карика, Ланка, Лешево, Нова Брезовица, Нови Будаковац, Нови Градец, Пјешчани Затоњ, Подравски Мајковац, Рушани, Сигетец, Соколац, Стара Брезовица, Стари Будаковац, Жлебина.

Општина Лукач: Брезово Поље, Будровац, Црни Затоње, Дуго Село, Дијелка, Горње Базије, Капела—Двор, Катинка, Лукачка Ада, Лукачки Зрињ, Нетеча, Расуловац, Рит, Терезино Поље, Турановац.

Општина Сухопоље: Гаћиште, Ново Гаћиште.

Општина Шпишић—Буковица: Бушетина, Округљача, Роговац, Стари Градац, Староградски Мароф.

**Околија Подравска Слатина**

Општина Чађавица: Чађавица, Чађавачки Луг, Дравица, Илимин, Двор, Старин, Сашево.

Општина Горњи Михољац: Глогова Ада, Новаки, Зидина.

Општина Сопје: Горње Предријево, Капинци, Носковачка Дубрава, Носковци, Сопјанска Ада, Сопјанска Греда, Сопје, Шаровка, Вашка, Врбовка, Замоч.

**Околија Доњи Михољац**

Општина Доњи Михољац: Доњи Михољац, Гложђе, Хобођ, Крњак.

Општина Подравска Мославина: Гезинци, Михољачки Мартинци, Мославачки Крченик, Орешњак, Подравска Мославина.

Општина Подравски Подгајци: Бочкинци, Чрнковци, Подравски Подгајци, Св. Ђурађ.

Општина Виљево: Крајчине, Виљево, Виљевски Чрет.

**Околија Валпово**

Општина Белишће: Бистринци, Гат, Кититињаћи.

**Околија Бели Манастир**

Општина Барањско Петрово Село: Барањско Петрово Село, Деакова Пустара, Нови Бездан, Ново Невесиње, Торјанци, Жидо.

Општина Батина: Батина, Кенђија.

Општина Бели Манастир: Луч, Петловац, Судараш, Ширине, Шумарина, Зелено Поље.

Општина Болман: Болман, Мајшке Међе.

Општина Брањин Врх: Брањин Врх, Брањин Врх—шеќерана, Кнежево, Мало Кнежево, Средње Кнежево.
Општина Драж: Драж, Гајиќ.
Општина Дубошевица: Дубошевица, Пушкаш, Тополье.
Општина Поповац: Брањина, Поповац.

**Околија сомборска**
Општине: Бачки Брег, Растина, Риђица, Станишиќ, Алекса Шантиќ.

**Околија Суботица**
Општина Бајмок: Мађарски салаши, Шашови салаши, Зубачиште, Рата, Бајмок.
Општина Таванкут: Љутово, Чикерија, Таванкут.
Општина Келебија: Чавољ, Келебија.
Општина Палиќ: Радановац, Хајдуковац, Бачки Виногради.

**Околија сенќанска**
Општине: Мартонош, Хоргош.

**Околија новокнежевачка**
Општине: Ђала, Крстур, Врбица, Црна Бара.
Општина Мајдан: Мајдан, Рабе.
Општина Банатско Аранђелово: Банатско Аранђелово.

**Околија кикиндска**
Општине: Мокрин, Наково, Банатско Велико Село, Нови Козарци, Руско Село.

**Околија бегејска**
Општине: Хетин, Радојево, Српска Црња.

**Околија тамишка**
Општине: Нови Итебеј, Српски Итебеј.

**Околија јашатомиќка**
Општине: Међа, Краишник, Шурјан, Бока, Конак.
Општина Јаша Томиќ: Јаша Томиќ, Бусење.

**Околија вршачка**
Општине: Марковиќево, Дужине, Милетиќево, Купиник, Банатски Соколац, Велики Гај, Маргита, Ватин, Мали Жам, Велико Средиште, Гудурица, Марковац, Сочица, Куштиљ, Јабланка, Месиќ, Војводинци, Стари Лец, Пландиште, Мало Средиште.

**Околија белоцрквaнска**
Општине: Крушчица, Кусиќ, Калуђерово, Добричево, Врачев Гај, Банатска Паланка, Банатска Суботица.
Општина Јасеново: Чешко Село.

**Околија рамска**
Општине: Острво, Тополовник, Кумане, Велико Градиште, Пожежено, Добра.
Општина Затоња: Рам, Затоња.
Општина Кисиљево: Кисиљево, Бискупље.
Општина Усије: Винци, Усије, Поникве.
Општина Бариќ: Бикиње.
Општина Голубац: Радошевац, Голубац, Малешево, Двориште, Брњица.
Општина Војилово: Војилово, Сладинац.

**Околија поречка**
Општине: Бољетин, Голубиње, Доњи Милановац, Мосна.

**Околија кључка**
Општине: Текија, Сип, Мала Врбица, Велика Врбица, Ртково, Корбово, Велесница, Љубичевац, Грабовица.
Општина Кладушница: Давидовац, Кладушница.
Општина Кладово: Кладово, Костол.
Општина Вајуга: Вајуга, Милутиновац.

**Околија крајинска**
Општине: Слатина, Михаиловац, Мала Камeница, Душановац, Самариновац, Прахово, Радујевац, Србово, Буковче, Кобишница, Ковилово, Рајац, Брачевац.
Општина Брза Паланка: Брза Паланка, Река, Купузиште.

Општина Рогљево: Рогљево, Вељково, Смедовац.
Општина Злокуќе: Злокуќе, Црномасница.

**Околија зајечарска**
Општине: Шипиково, Велики Јасеновац, Мали Јасеновац, Грацково, Халово, Велики Извор, Прлита, Грљан, Вратарница, Мали Извор, Селачка, Трнавац.

**Околија тимочка**
Општине: Ново Корито, Ошљане, Црни Врх.
Општина Радичевац: Радичевац, Шарбановац.
Општина Балинац: Балинац, Дрвник.
Општина Алдинац: Алдинац, Репушница.
Општина Габровница: Габровница, Татрасница.
Општина Јања: Јања, Алдина Река, Равнобучје.

**Околија димитровградска**
Општина Димитровград: Димитровград, Бачево, Градиње, Лукавица, Паскашија, Петрлаш, Прача, Сливница.
Општина Барје: Барје, Било, Верзар, Врапча, Горња Невља, Доња Невља, Скрвеница.
Општина Жељуша: Државна.
Општина Каменица: Бољев Дол, Брајчовци, Влковија, Горњи Криводол, Доњи Криводол, Изатовци, Сенокос.
Општина Смиловци: Бребевница, Мазгош, Моинци, Протопопинци, Радејна.
Општина Трнски Одоровци: Куса Врана, Петачинци.

**Околија лужничка**
Општина Звонце: Вучи Дел, Ракита, Јасенов Дел.
Општина Црвена Јабука: Црвена Јабука.

**Околија власотиначка**
Општина Градска: Кална, Преслап.

**Околија босилеградска**
Општина Доње Тламино: Бистар, Голеш, Горње Тламино, Доње Тламино, Жеравино, Караманица.
Општина Бранковци: Бранковци, Рибарци, Рикачево, Злидол.
Општина Радичевци: Млекоминце, Радичевци, Ресен, Бресница, Буцалево.
Општина Босилеград: Белут, Босилеград, Грујинци, Извор, Милевци, Паларево, Рајчиловци.
Општина Горња Лисина: Горња Лисина, Доња Лисина.
Општина Божица: Божица.
Општина Клисура: Клисура, Сухи Дол, Кострошевци, Пања, Колуница, Стрезимировци, Драинце, Грознатовци.

**Околија кривопаланечка**
Општина Крива Паланка: Киселица.
Општина Жидилово: Жидилово, Трново, Узем, Коступ, Кркља.
Општина Дубровница: Дубровница, Голема Црцорија, Мала Црцорија, Крстов Дол, Луке.

**Околија малешевска**
Општина Берово: Двориште.
Општина Пехчево: Негрево, Црник.
Општина Делчево: Ветрен, Габрово, Град, Звегор.
Општина Тработивиште: Стар Истевник, Вирче, Панчарево.
Општина Драмче: Драмче, Костин Дол, Вратиславци, Селник, Киселица.
Општина Каменица: Каменица, Саса, Маштица, Косевица.

**Околија струмичка**
Општина Ново Село: Барбарево, Стиник, Бадиље, Бајково, Ново Коњарево, Старо Коњарево, Дражево, Смоларе.

**Околија гевгелиска**
Општина Гевгелија: Гевгелија, Мојин, Горњичет, Хума, Конско, Мрзенци.
Општина Богданци: Богданци, Богоројца, Стојаково, Селемли, Гавато.
Општина Нови Дојран: Сретеново, Николиќ.

**Околија тиквешка**
Општина Мрежичко: Рожден, Мајдан.

**Околија битолска**
Општина Велушина: Кишава, Градош, Лажец.
Општина Кременица: Кременица, Меѓитлија.
Општина Бач: Гермијан, Живојно, Совиќ.

**Околија преспанска**
Општина Љубојно: Љубојно, Долно Дупени, Наколец, Брајчино.
Општина Царевдвор: Конско, Стење, Лескоец.

**Околија охридска**
Општина Галичица: Љубаниште, Манастир св. Наум.
Општина дримколска: Лакаица, Јабланица.
Општина Лабуништа: Лабуништа, Боровец, Подгорци.
Општина Вевчани: Вевчани, Октиси, Горна Белица.
Општина Радољишта: Радољишта, Вишни, Франгово, Мали Влај, Радожда.

**Околија дебарска**
Општина Дебар: Дебар, Баништа, Аме, Кривци, Спас, Селокуќи, Коњаре, Бомово, Татар Елевци, Рајчица.

**Околија гостиварска**
Општина Трница: Жужње, Нивишта, Грекај, Тануше, Бродец.

**Околија горска**
Општина Лапушки Хан: Брезно, Буче, Плава.
Општина Драгаш: Враниште, Крстац, Орчуша, Рапча.
Општина Крушево: Глобочица, Зли Поток, Крушево, Рестелица.
Општина Драгаш: Баќка, Диканце, Драгаш, Млике.

**Околија шарпланинска**
Општина Жур: Кобање, Влашња, Добрушта, Врбница, Жур, Шкоза.
Општина Планеја: Горожуб, Миљај, Планеја, Којуша, Мазрек.
Општина Зјум: Кабаш, Љубижда Хас, Дедај, Карашинђерђ, Ђонај, Ромаја, Љукинај, Зјум, Крајк.

**Околија ѓаковичка**
Општина Рогово: Дамјан, Кушлин, Рогово.
Општина Биштажин: Биштажин, Годен, Грчин, Доль, Кусар, Кушавац, Липовац, Пјетершан, Смач, Ујз.
Општина Бреговац: Бреговац, Вогово, Гуска, Дева, Жуб, Зулфај, Јахоц, Кореница, Маданај, Меја, Моглице, Оризе, Рамоц, Рача, Фирза, Рипај.
Општина Поношевац: Бабајбокес, Берјах, Бровина, Горњи Нец, Доњи Нец, Молиќ, Морина, Поношевац, Поповац, Смоница, Стубла, Шишман Бокес, Шишман Равни.
Општина Јуник: Батуша, Вокш, Доброш, Јуник, Ниvеказ, Слуп.
Општина Дечани: Побрђе, Хуље.

**Околија иванградска**
Општина Андријевица: Ком Васојевички, Коњухе, Крајишта, Јошаница, Ѓеќево, Столак, Обзовик, Кути, Брекина Коса, Дулов Катун, Ање, Мимиќе, Јепан.
Општина Гусиње: Липовица, Грнчар, Доља, Вусање, Бор Коленовиќа, Бор Кукиќа, Бор Радончиќа.
Општина Плав: Јасеница, Забељ, Хоте, Копиљача, Трескавица, Мали Рид, Велики Рид, Бабино Поље.

**Околија титоградска**
Општина Убли: Граѓен, Корита, Коштица, Рикавац, Катун Кучки, Штитан, Катун Широкар, Широкари, Мокро, Катун Бушат, Козељ, Курлај, Винца, Катун Веља Цура, Катун Царине.
Општина Затријебац: Мужечка, Степово, Бенкај, Бељај, Папрат, Затријебачка Цијевна, Корита, Буџе.
Општина Тузи: Божај, Спиња, Скорач, Барлај, Арза, Хелница, Доњи Трабојин, Горњи Трабојин, Селишта, Прифта, Ловка, Кршево, Пашкала, Дрешај, Потхум.

**Околија барска**
Општина Улцињ: Брегвија, Дарза, Бришка Гора, Свети Никола, Ќурке, Реч, Паратук, Сутјел, Свети Ѓорѓе.
Општина Владимир: Шашко Језеро, Шаш, Селита, Горњи Растиж, Доњи Растиж, Драгиња, Сукобин, Горњи Кравари, Доњи Кравари, Штодра, Амбула, Фраскањел, Лиснобори.
Општина Крајински Острос: Арбнеш, Цкла.

ОСТРОВИТЕ НА ЈАДРАН ШТО ВЛЕГУВААТ ВО ПОГРАНИЧНАТА ЗОНА

Островите: Вис, Бишево, Св. Андрија, Јабука и другите блиски мали острови.
Островите Бриони.

**Прилог бр. 2**
**со чл. 5 од Правилникот**
**за пограничната зона**

Бр. ——————
Датум ——————
Место ——————

ДОЗВОЛА
ЗА ДОАЃАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ПОГРАНИЧНАТА ЗОНА

За —————— роден-а —————— во ——————, околија ——————, по занимање —————— —————— на кој му се позволува —————— кратно доаѓање во пограничната зона во местото —————— —————— околија —————— НР —————— и назад.

Оваа дозвола важи со лична карта (легитимација) бр. —————— издадена ——————

Дозволава важи од —————— до ——————

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Потпис,

СОДРЖИНА:

| | | Страна |
|---|---|---|
| 448. | Уредба за производството и за купувањето на суров опиум од производителите — — | 577 |
| 449. | Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — — — | 578 |
| 450. | Уредба за измена на Тарифата за данокот на промет — — — — — — — — — — — — — | 578 |
| 451. | Одлука за издавање нови ситни ковани пари — — — — — — — — — — — — — — — | 579 |
| 452. | Одлука за начинот по кој претпријатијата од определени стопански гранки можат да ги користат своите амортизациони фондови | 579 |
| 453. | Одлука за исплата на надоместувањето на иселениците-повратници кои при продажбата на странските средства за плаќање не примиле бонови за купување стоки по пониските единствени цени — — — — — — | 579 |
| 454. | Одлука за давање надоместување (регрес) на весникарските претпријатија за разликата во цените при купувањето на рото хартија — — — — — — — — — — — — — | 580 |
| 455. | Правилник за измени и дополненија на Правилникот за пограничната зона — — | 580 |

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9.
Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград